# ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА ЗА 2024 година

Почитувани,

Професијата внатрешна ревизија е регулирана со Меѓународни стандарди за внатрешна ревизија, кои претставуваат водилка за професионално и компетентно извршување на активностите и примена на Кодексот на етика од страна на внатрешните ревизори. Стандардите се изработени и објавени од страна на институтот на внатрешните ревизори, со седиште во САД (Institute of Internal Auditors, во понатамошниот текст: IIA Global). IIA Global претставува меѓународно здружение со повеќе од 180 илјади членови од над 190 земји, од кои повеќе од 100 илјади се овластени внатрешни ревизори. Ова здружение е глобалниот глас на професијата внатрешен ревизор, каде се препознаваат професионални ревизори од сите сфери на работењето.

Здружението на внатрешни ревизори на Република Северна Македонија (ЗВРРСМ) е единствена, независна и полноправна

- Членка на глобалниот Институт “The Institute of Internal Auditing- IIA Global” (www.theiia.org) кој што е единственото професионално тело во светот кој ги дефинира,изработува и објавува меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, кои што сите внатрешни ревизори се обврзани да ги следат,почитуваат и да работат согласно нив. Истите стандарди се пропишани во законската регулатива на РСМ и сите внатрешни ревизори имаат обврска да ги следат.
- Членка во Европската ECIIA “European Confederation of Institutes of Internal Auditing (www.eciia.eu)
- ЗВРРСМ е главен промотер на сертификацијата Овластен внатрешен ревизор (CIA – Certified Internal Auditor) и други сертификати кои нуди IIA Global.
- Сите членови на здружението автоматски стануваат членови на IIA Global.

  Броиме приближно 200 членови внатрешни ревизори со активна професионална кариера (Јавен сектор, Банки, Осигурителни компании и реален сектор), а оствaруваме и континуирана, проактивна соработка со повеќе од 350 колеги внатрешни ревизори.

  Имаме воспоставено напредна соработка со Катедра за сметководство и ревизија при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, како и соработка со други високо образовни институции. Имаме воспоставено плодна соработка со Институтот на овластени ревизори на РСМ во насока на одржување на заеднички настани и обуки заради континуирано професионално усовршување.

ЗВРРСМ има воспоставено исто така и плодна соработка и со Институтите на внатрешните ревизори подружници на IIA Global во регионот.